Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 25/0306
17.02 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 05.02.2025 година, врз основа на примена жалба од јавната обвинителка **Ленче Ристоска,** го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов ***„Не, несте МЕДИОКРИТЕТИ, тоа е комплимент за вас. Вие сте зомби со крвави шинели од загубена војна“***, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 09.01.2026 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителката до СЕММ, 16.01.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „*Не, не сте МЕДИОКРИТЕТИ, тоа е комплимент за вас. Вие сте зомби со крвави шинели од загубена војна*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 09.01.2026 г., при што се жали на „неточно и нефер известување“, „незастапена втора страна“, „говор на омраза, мешање на факти и мислења, вест и коментар“, „презумпција на невиност и заштита на сведоци“ и „пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „На 09.01.2026 година, порталот Вечер.мк објави текст – колумна на новинарот Драган Павловиќ Латас, првично објавена како статус на неговиот личен Фејсбук профил. Со објавувањето на наведениот текст, порталот Вечер.мк директно презеде и дистрибуираше содржина која содржи низа навредливи, понижувачки и клеветнички квалификации насочени кон мене како јавен обвинител, без притоа да преземе какви било уреднички мерки за проверка, балансирање или обезбедување право на одговор.

Во текстот се употребени изрази како: „гротескни креатури“, „зомби карикатури“, „заслужувате дислокација на депонија на општеството“, „имате крвави раце“, „се работи за дно. И стручно и човечко“, како и бројни други навредливи и дискредитирачки тврдења кои немаат никаква фактичка поткрепа.

Со ваквото постапување, порталот Вечер.мк сторил повеќекратни повреди на Кодексот на новинарите на Македонија и на основните принципи на професионалното новинарство“, наведува жалителката.

Понатаму се наведува дека жалителката на 10.01.2026 упатила електронско барање за извинување и повлекување на објавата на електронската пошта на порталот..., но и покрај тоа, порталот Вечер.мк не објави извинување, не објави исправка или демант и не презеде никакви чекори за намалување на штетните последици. Со ваквото непостапување дополнително се прекршени етичките обврски утврдени во Кодексот.

Ристоска смета дека „објавувањето на ваков текст сериозно го нарушува мојот личен и професионален углед, поттикнува омраза и јавна стигматизација, ја нарушува довербата во Јавното обвинителство и создава атмосфера на јавен линч и јавен притисок врз носител на правосудна функција“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), образложение на жалителот, како и барањето што го упатила до медиумот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов ***„Не, несте МЕДИОКРИТЕТИ, тоа е комплимент за вас. Вие сте зомби со крвави шинели од загубена војна“,*** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 09.01.2026 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 10 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за преземен текст – објава од социјални мрежи што ја презел и објавил медиумот, а се однесува на поранешното СЈО, при што е спомената директно со име и презиме жалителката, јавната обвинителка Ленче Ристоска – што е тема од јавен интерес.

Комисијата сепак утврди дека јавниот интерес не е доволен изговор за пласирање непроверени или манипулативни тврдења. Имено, Кодексот на новинари наведува дека медиумот е должен да ги провери фактите од што повеќе извори, што во овој случај не е сторено не само кон жалителката, туку и кон сите други што биле дел од правосудната институција СЈО, така што тврдењата се однесуваат и на сите нив како група. Со ова е повреден член 1 од Кодексот.

Комисијата го имаше предвид и пренесувањето на говорот во објавата, при што недвосмислено утврди дека станува збор за тврдења и конструкции кои се преполни со дискредитирачки, навредлив, но и говор кој што може да се оцени и како говор на омраза. Што значи дека има елементи и за прекршување на членот 10 од Кодексот кој го регулира ова прашање.

Притоа, Комисијата дополнително ги имаше предвид и генералните препораки на Европската Комисија за борбата против говорот на омраза (ECRI, член 9 од 2015 г.), каде што е дефинирано што се подразбира под таков говор („**застапувањето, промоцијата или поттикнувањето на омаловажување, омраза или клеветење на лице или група лица, како и какво било вознемирување, навреда, негативно стереотипизирање, стигматизација или закана кон такво лице или лица и какво било оправдување на сите овие форми на изразување**“).

Но, исто така Комисијата ја имаше предвид и Глобалната повелба за етика на новинарите на Меѓународната федерација на новинари (IFJ, Global Charter, член 9…од 2019 г.), каде што се наведени обврските на новинарите во врска со говорот на омраза и предрасудите (**„Новинарите треба да се осигураат дека ширењето на информации или мислења нема да придонесува за омраза или предрасуди и ќе сторат сè што е во нивна моќ за да избегнат олеснување на ширењето на дискриминација врз основа на географско, социјално или етничко потекло, раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, попреченост, политички и други мислења**“).

Конечно, Комисијата цени дека медиумот со пласирање на објавата од социјалните мрежи како вест е злоупотребен во смисла што служи како платформа за пресметка со личности и поединци, што е исто така санкционирано во Кодексот на новинарите во член 16.

Од тука, Комисијата сметаше дека се прекршени членовите 1, 10 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија и дел од соодветните Насоки за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

**Член 16**

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595